# Доверба во црквите и верските заедници

Во рамките на истражувањето на МЦМС за довербата во граѓанското општество, беше проверена и довербата во црквите и верските заедници. Од сите чинители на граѓанското општество (граѓанските организации, синдикатите и стопанските комори), граѓаните имаат најголема доверба во црквите и верските заедници (65,6 %). Слична е и довербата во свештените/верските лица.
На ниво на поединечни институции, со најголема доверба е Македонската православна црква (МПЦ) со 53,8%, следи Исламската верска заедница (ИВЗ) со 38,4%. Другите верски заедници со по околу 21% доверба.

**Графикон 1. Колку доверба имате во:**




Довербата во црквите и верските заедници има поврзаност со етничката припадност. Етничките Македонци, претпоставено поврзани со православното христијанство, имаат висока доверба од 70% во МПЦ, и ниска доверба од 22% во ИВЗ. Етничките Албанци, претпоставено поврзани со исламот, имаат висока доверба од 77% во ИВЗ, и ниска доверба од 11% во МПЦ.
Кај ИВЗ, поголема поддршка се забележува кај лицата со основно образование и помалку од тоа (60-65%). Во другите параметри, вклучително и за другите цркви и верски заедници, нема отстапувања битни за одбележување.

# ЗАКЛУЧОЦИ

**Црквите и верските заедници со висока и стабилна доверба**
Општата доверба во црквите и верските заедници е висока (65,6%) и стабилна – на исто ниво како и минатата година. Свештените лица имаат доверба од 54%.
Довербата во црквите и верските заедници е поголема кај граѓаните со пониско образование.

**Висока доверба во своите: етничките Македонци во МПЦ, етничките Албанци во ИВЗ**
МПЦ е со мнозинска доверба (53%).
Сите цркви и верски заедници имаат висока доверба кај претпоставените приврзаници (верници, членови).
Довербата е изразена кај сличните - во МПЦ имаат висока доверба од 70% етничките Македонци, а во ИВЗ висока доверба од 77% етничките Албанци.

**Недоверба во различните, можна верска нетолеранција?**
МПЦ има доверба од 11% меѓу етничките Албанци, а ИВЗ има доверба од 22% меѓу етничките Македонци.
Малобројните цркви и заедници како Католичката, Методистичката и Еврејската имаат доверба од околу 21%. Иако довербата многукратно го надминува бројот на членови на наведените цркви и заедници, сепак големо мнозинство граѓани од околу 79% искажуваат недоверба кон малобројните цркви и верски заедници.
Овие податоци може да укажуваат на верска нетолеранција. Ова е поткрепено и со 30,6% од граѓаните кои не сакаат сосед од друго верско убедување.